САМОСТОЕН СИНДИКАТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО УНИВЕРЗИТЕТСКИ КЛИНИКИ, ЦЕНТРИ, КЛИНИЧКИ БОЛНИЦИ И ДРУГИ ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
INDEPENDENT TRADE UNION OF THE EMPLOYEES IN THE UNIVERSITY CLINICS, CENTERS, CLINICAL HOSPITALS AND OTHER PUBLIC HEALTH ORGANIZATIONS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

Бр. 0302-58/1 13.07.21

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 13-07-2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| | | | |

До

Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

- За Генералниот секретар лично -

Почитуван г-дин Мухамед Зеќири,

Со овој допис сакаме да Ве информираме дека вработените во Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, Завод и Ургентен центар Скопје (во понатамошниот текст: Јавната установа, ЈУ) единствени во јавното здравство не добија бонус додаток на плата од 10% (за 2 месеци).

Во оваа прилика сакаме да Ви укажеме и дека вработените во Јавната установа кои работеа во Ковид-19 центрите (хигиеничарки, возачи кои транспортираа болни со Ковид-19, работници кои вршеа технички и сервисни услуги во Ковид-19 центрите и сл.) истотака, единствени во јавното здравство не добија еднократна награда за работа во Ковид-19 центри.

Како што Ви е познато Јавната установа е дел од јавното здравство, и работи и е формирана исклучиво за потребите на јавното здравство.

Вработените во таа институција даваат услуги на голем број јавни здравствени установи (ЈЗУ) во РС Македонија како што се ЈЗУ Градска општа болница 8-ми септември - Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника по хируршки болести „Св.Наум Охридски“ - Скопје, ЈЗУ Клиничка болница „Др. Трифун Пановски“ - Битола и др., и за сите јавни здравствени установи во Универзитетскиот Клинички комплекс „Мајка Тереза“ - Скопје.

Ваков селективен и дискриминирачки пристап кон Јавната установа доведува до оправдано незадоволство и револт кај сите вработени во оваа институција.

Ве замолуваме, согласно функцијата која ја обавувате и со својот авторитет, лично да се завземете оваа неправда да се исправи и вработените во ЈУ да добијат бонус додаток на плата како и сите други вработени во јавното здравство, а оние вработени од ЈУ кои работеле во Ковид-19 центрите да добијат еднократна награда.

Скопје, 13.07.2021 год.

Со почит,

Претседател на
Самостојниот синдикат на вработените во универзитетските клиники, центри, клинички болници и други јавни здравствени установи во Република Македонија

д-р супспец. Горан Беговиќ dr. sc.

СКОПЈЕ

ул. Мајка Тереза бр. 17 - Скопје
тел./факс + 389 (0) 2 3147 116

ul. Majka Tereza br.17 - Skopje
tel./fax +389 (0)2 3 147 116
e mail: sskc.sindi@yahoo.com